# ЗНМ: НАПАДНАТИ НОВИНАРИ, ПОВРЕДЕН СНИМАТЕЛ ОД ТВ АЛСАТ ОД СОПСТВЕНИК НА БЕРБЕРСКИ САЛОН ВО СТАРА ЧАРШИЈА

Share
Tweet

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага за денешниот напад кон нашите колеги од ТВ Алсат, Скопје.

Имено, денеска за време на снимањето инсерти за промо на емисија во Скопската чаршија на јавна површина, нападнати се снимател и новинарките Ера Ѓакова и Сара Хоџа од страна на сопственик на берберница во скопската чаршија.

Според изјавите на нашите колеги, додека снимале инсерти во чаршијата за потребите на емисијата од еден од дуќаните излегол сопственикот, бербер со ножици и им се обратил со вербални навреди и закани по живот, при што на сниматeлот му нанел видливи повреди на главата.

При физичкиот напад била оштетена и опремата на сниматeлот. ЗНМ веднаш контактираше со новинарката од Алсат, Ера Ѓакова која беше видно вознемирена ни го потврди инцидентот и ни даде конкретни информации дека: Екипата со која снимале на терен била нападната без причина од страна на непознато лице, ситуацијата била непредвидлива и многу вознемирувачка, особено за нападнатиот сниматeл а и за колешката Сара Хоџа на која ова не и е прв пат да биде нападната, “лицето по нападот се врати во дуќанот а потоа повторно илезе, но кога виде дека веќе се собраа минувачи да помогнат а и дека е повикана полициска екипа се упати во непознат правец ”.

ЗНМ бара од Министерството за внатрешни работи да спроведе брза и ефикасна истрага во интерес на пронаоѓање и санкционирање на напаѓачот.

Потенцираме дека заканите по живот се кривични дела предвидени во Кривичниот законик а МВР и ОЈО, треба итно да ги истражат и процесираат со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат законот но и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина.

Здружение на новинарите на Македонија

Администратор 21/08/2023 21:35

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ




**И Зибери се противи на измените на Кривичниот законик (/Home/PostDetails?PostId=555071)**



**Протест во Струмица, „Родителски фронт“ ќе собира потписи против родовата идеологија и индоктринација на децата во образовниот процес (/Home/PostDetails?PostId=555069)**




**Грчка компанија ќе ја гради хидроцентралата Чебрен, ама цената од половина милијарда „рипна“ на една милијарда (/Home/PostDetails?PostId=555053)**




**Разбудете се, ни доаѓаат по децата: „Родителски фронт“ повикува на протест против индоктринацијата на учениците (/Home/PostDetails?PostId=555015)**



**Нухиу се заканува со затвор за градоначалниците на Велес и Гази Баба поради дискриминација на ученици - албанци (/Home/PostDetails?PostId=555008)**



**Лога разочаран од условите во Идризово, па наместо со инвестиции проблемот ќе го решава со Закон за амнестија (/Home/PostDetails?PostId=555006)**



**Османи-Липавски: Потребни ни се опипливи придобивки за нашите граѓани од страна на ЕУ (/Home/PostDetails?PostId=554998)**




**70% од македонските граѓани се склони да поверуваат во дезинформации (/Home/PostDetails?PostId=554987)**




**Алтернатива, БЕСА и Демократско движење поднесоа интерпелација за работата на обвинителот Јовески (/Home/PostDetails?PostId=554984)**

Makpress.mk
47,692 followers

Follow Page
Share

**Makpress.mk**
on Wednesday

Обединетите нации соопштија дека одгледувањето на кока во Колумбија минатата година достигна рекордно ниво.

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk